# Анализа на резултати од повикот „Развој на проект“ (17/2019 прв рок)

***Call for Proposals EACEA/17/2019, Support to the Development of Audiovisual Content – Single Projects – 1st deadline of 13/11/2019***

На отворениот повик пристигнати се 278 апликации ( 37 анимирани проекти, 71 документарни проекти и 170 играни проекти) од кои 64 апликации се селектирани за ко-финансирање со вкупен износ од 2.705.000 евра.

Од селектираните 64 апликации: 9 се анимирани, 17- документарни и 38 играни проекти. Како и во секој повик така и во овој, висок е процентот (89%) на поддржани проекти кои имаат предвидено ко-продукции на европско или светско ниво.

**Македонскиот игран проект „Најсреќниот човек на светот“ во продукција на „Сестри и брат Митевски“ (режија: Теона Митевска; сценарио: Теона Митевска и Елма Татараѓиќ) е единствениот проект од нашата земја кој доби поддршка од 30.000 евра на овој повик.**

Аплицирани се вкупно 5 проекти од Македонија:  4 играни и еден документарен проект.

Извадок од евалуацијата на „Извршната агенција за образование, култура и аудиовизуелни политики“ (EACEA) за поддржаниот проект во развој „Најсреќниот човек на светот“:

“Проектот има одличен креативен потенцијал. Прикажано е одлично познавање на маркетот за проектот преку веќе добиената награда за развој од Еуроимаж (на маркетот Синелинк) како и заинтересираност на дистрибутерот Пирамид (Pyramide). Дополнително, временската рамка е обемна со доволно детали околу проектот и веќе постојат заинтересирани партнери за соработка.
Приказната е транснационална. Тимот на пишувачи е талентиран и наградуван за претходни проекти. Апликантот успеал да прикаже детален план на развој од денот на апликација до самиот почеток на снимање. Апликантот ги зел предвид сите потенцијални територии (национални, регионални и интернационални) за дистрибуција. Буџетот за развој е совршено конзистентен. Финансискиот план е адекватен со одлични партнери во регионот и во Белгија. Постои и план Б за истиот, што покажува дека апликантот е свесен за можните потешкотии за финансирање кои би се појавиле.“

- Од вкупната бројка на поддржани проекти (64),  дури 19 проекти аплицираат по втор/трет пат со истиот проект (*30 % re-submission*), што најчесто значи дека во новата апликација прикажале одредени подобрувања на проектот во однос на коментарите од евалуаторите во последната одбиена апликација.

- Дистрибуцијата на поддржани проекти на овој повик во различни земји со висок, среден и низок продукциски капацитет:

- Земји со висок продукциски капацитет: Франција (11), Германија (5), Италија (4), Шпанија (4) и Велика Британија (4)

Вкупно: 28 поддржани проекти

- Земји со среден продукциски капацитет: Шведска (5), Ирска (4), Белгија (2), Австрија (1), Финска (1), Холандија (1), Норвешка (1) и Полска (1)

Вкупно: 16 поддржани проекти

- Земји со низок продукциски капацитет: Хрватска (3), Исланд (3), Чешка (2), Литванија (2), Романија (2), Босна и Херцеговина (1), Бугарија (1), Кипар (1), Грција (1), Латвија (1), Северна Македонија (1), Словачка (1) и Србија (1)

Вкупно: 20 поддржани проекти

Сите резултати: https://eacea.ec.europa.eu/creative-europe/selection-results_en

---

Табела на аплицирани и поддржани проекти од Македонија (2016-2020 година)

| Година | Аплицирале вкупно | Поддржани проекти | Име на проект и продукција |
|---|---|---|---|
| 2016 | 4 проекти | 1 | „Шеќерното дете“ -Скопје Филм Студио |
| 2017 | 2 играни | 1 | „Господ постои името ѝ е Петрунија“ – „Сестри и брат Митевски“ |
| 2018 | 5 играни/ 2 документарни | 0 | / |
| 2019 | 6 играни/ 2 документарни/1 анимиран | 0 | / |
| 2020* | 4 играни/ 1 документарен | 1 | „Најсреќниот човек на светот“ – „Сестри и брат Митевски“ |

*Резултатите од вториот рок ќе излезат во ноември 2020 година